КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASKETBALL FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

FIBA

We Are Basketball

**Кошаркарска Федерација**
**на Северна Македонија**
**Бр. 07-340/1**
**Дата.01.07.2024**

# Преоден рок 2024/25 – Сениорски лиги

1. Согласно член 22.1 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, рок за пријавување **екипа во сениорските категории е најдоцна до 01.09.2024** година;

   Преодниот рок за кошаркари/ки **во сениорските лиги** за натпреварувачката сезона 2024/25, **започнува на 10.07.2024 и завршува 24 часа пред почеток на вториот дел од сезоната во соодветното сениорско натпреварување;**

# Преоден рок 2024/25 – Младински лиги

2. Согласно член 22.2 и 22.3 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, рок за пријавување на **екипа во младинските категории е најдоцна до 15.08.2024 година**;
   Во сите младински генерации дозволено е пријавување на **само една екипа од ист клуб.**

   **Преодниот рок за кошаркари/ки во младинските лиги за натпреварувачката сезона 2024/25 завршува на 01.09.2024 година (со достава на комплетна документација за регистрација на играчи).**

   **Напомена: новите договори на младинските играчи треба да бидат заверени на нотар не подоцна од 01.09.2024 година.**

   Младински играч може да премине од клуб во клуб за време на летен и зимски преоден рок.

   Листата на играчи со комплетна документација мора да содржи најмалку 10 играчи, а може да биде дополнувана до 18 играчи, до 72 часа пред почетокот на првата средба од колото предвидено за почетокот на првенството, но само за играчи кои веќе имаат важечки договори со клубот

**ПРАВО НА ПРЕМИН**

3. Право на премин од клуб во клуб има:
- Играч на кого му истекол договорот;
- Играч кој спогодбено го раскинал договорот со дотогашниот клуб;
- Играч кому со правосилна одлука на надлежен орган на КФСМ му е раскинат договорот со дотогашниот клуб;
- Играч кој не е на списокот на играчи на клубот за наредната сезона (само за младински играчи);
- Играч чиј клуб не се пријавил за натпреварување, се откажал од натпреварување, е исклучен од натпреварување или се откажал од натпреварување од било која причина;
- Играч со договор за тренинг и настап, без обесштетување, освен ако тоа не е регулирано во договорот за тренинг и настап;

*St. Debarca 28, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk*
КФСМ канцеларија/ KFSM office

**ДОГОВОРИ**

1. Договорите кои се поднесуваат во КФСМ мора да бидат заверени на нотар;

2. Кошаркарите/ките родени **2006 и постари, потпишуваат прв сениорски Договор**;

3. Кошаркарите/ките родени **од 2007 до 2010 потпишуваат Договор за спортско усовршување;**

4. Кошаркарите/ките родени **2011 и помлади, потпишуваат Договор за тренинг и настап**;

5. Кошаркарите/ките родени **2004 и помлади можат да добијат двојна лиценца**, согласно член 35 од Регистрацискиот правилник на КФСМ. Еден клуб може да има во листа **најмногу 4 играчи на двојна лиценца**;

Сите клубови најдоцна **до 01.09.2024 година, мора да ги подмират своите долгувања** спрема КФСМ, за да можат да пријават учество на екипа и регистрација на играчи во натпреварувачката сезона 2024/25.

**ПОЈАСНУВАЊЕ:**

**Барањето за раскин на Договор** се поднесува 24 часа пред завршување на преодниот рок во младинските лиги, односно 31.08.2024 година;
Сите барања понесени после овој рок ќе се разгледуваат за следниот преоден рок на играчи, односно во Јануари 2025 година.

Со секој нов договор мора да се приложи и **потпишана изјава за согласност за користење на лични податоци.**

Со секое барање за сертификат мора да се **приложи и потпишана изјава за согласност за користење на лични податоци.**

**Прва лига - мажи - 16 домашни играчи (сениори) и максимум десет (10) странски играчи во текот на целата натпреварувачка сезона**
Клуб од првата лига - мажи има право на пријавување и настап на најмногу 4 (четири) странски играчи во составот на еден натпревар, без ограничување на правото на настап во игра на целиот натпревар во текот на целото првенство и куп натпреварувања.

**Прва лига - жени - 16 домашни играчи (сениорки) и максимум десет (10) странски играчи во текот на целата натпреварувачка сезона**
Клуб од првата лига - жени има право на пријавување и настап на најмногу 4 (четири) странски играчи во составот на еден натпревар, без ограничување на правото на настап во игра на целиот натпревар во текот на целото првенство и куп натпреварувања.


*St. Debarca 28, 1000 Skopje, Republic of Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk*
КФСМ канцеларија/ KFCM office

**Втора лига мажи/жени – 18 домашни играчи сениори.**
Странски играчи немаат право на настап;

**Трета лига мажи – 18 домашни играчи сениори.**
Странски играчи немаат право на настап;

**Младински лиги мажи/жени – 18 играчи,** определени по возрасна категорија.
Странски младински играч има право на настап, регистриран со одобрение на ФИБА и се води како специјален случај;
Еден младински играч може да биде пријавен во сениорска и најмногу во 2 младински екипи на еден клуб, во соодветни возрасни категории.
Играч помлад од 16 години (роден 2009/2010) доколку биде пријавен на листа на Сениорска екипа, ќе може да настапи доколку достави Лекарско одобрение потпишано од доктор специјалист по физиологи ја, или спортска медицина.

**Преодниот рок се однесува за:**

Прва сениорска лига мажи
Прва сениорска лига жени
Втора сениорска лига мажи/жени
Трета сениорска лига мажи
М18 младинска лига (мажи и жени) - родени 2007-08
М16 младинска лига (мажи и жени) - родени 2009-10
М14 младинска лига (мажи и жени) - родени 2011-12
М12 младинска лига (мажи и жени) - родени 2013 и помлади


*St. Debarca 28, 1000 Skopje, Republic of Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk*
**КФСМ канцеларија/ KFCM office**